# О Аллах, Ти си Селам и од Тебе е селамот, благословен си Ти, О Сопственику на големината и благородноста

Од Севбан, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, кога завршуваше со намазот, трипати бараше прошка од Аллах, а потоа кажуваше: „О Аллах, Ти си Селам и од Тебе е селамот, благословен си Ти, О Сопственику на големината и благородноста.“ Велид рекол: „Го прашав Евзаи за тоа како да побарам прошка од Аллах, а тој ми рече: ‚Изговарај: Естагфирулах, естагфирулах.‘“
[صحيح] [رواه مسلم]

Кога Аллаховиот пратеник, алејхи селам, завршуваше со намазот, кажуваше: Естегфируллах, естегфируллах, естегфируллах. Потоа го величаше Господарот велејќи: „Аллаху мој, Ти си Селам (Мир) и ти даваш селам (мир), благословен си Ти, Сопственику на големината и благородноста.“ Аллах е Селам, т.е. Тој има совршени својства и е далеку од каков било недостаток или мана. Од Него, и од никој друг, Славен нека е, бараме спас од сите зла на овој и на идниот свет. Тој го поседува доброто на овој и на другиот свет. Нему му приличи и е сопственик на големината и благородноста.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee